НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: / Pranuar: | 30-12-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед.: / Nj. org.: | Број: / Numer: | Прилог: / Shtojce | Вредност: / Vlera: |
| 02 | 32092/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Народна Банка на Република Северна Македонија**

**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Членовите 47 и 55 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси пропишуваат тригодишна забрана за вработување на службените лица од јавниот сектор кај субјекти од приватниот сектор кај кои е вршен надзор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности. Дали имате информација, како формално се известуваат новите службени лица за ограничувањата?
2. Дали се информираат службените лица на кои им престанува службата при примопредавање на должностите, за ограничувањата?
3. Дали ограничувањата се предмет на обуки наменети за администрацијата и избраните и именувани лица?
4. Дали ги евидентирате службените лица од јавниот сектор кај субјекти од приватниот сектор кај кои е вршен надзор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности, со цел да можете да следите дали истите се вработуваат кај субјекти од приватниот сектор?
5. Дали и како АВРСМ споделува информации со Државната комисија за спречување на корупцијата и со други органи за да може да се врши контрола на примената на овие законски ограничувања?
6. Каква поддршка и соработка со другите институции е потребна за АВРСМ да може успешно да ја извршува оваа улога – да обезбедува информации на Државната комисија за спречување на корупцијата и со други органи за да може да се врши контрола на примената на овие законски ограничувања?
7. Дали сметате дека има потреба од регистар во кои би биле евидентирани службените лица кои вршеле надзор на субјекти од приватниот сектор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности, со цел да може институциите да следат дали истите ги почитуваат наведените законски ограничувања?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- г) е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 23.11.2020 година .**

________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 18 јануари 2021 година донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [illegible] примено во Народната банка на Република Северна Македонија под број 02-32902/2 од 30.12.2020 година, ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА.

На барателот му се доставуваат следните информации:

Во Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) е воспоставена Функција усогласеност како т.н. втора линија на одбрана во рамки на примената на т.н. модел „Три линии на одбрана" како рамка за управување со ризиците во Народната банка. Функцијата усогласеност ја промовира и се грижи за етичката усогласеност во Народната банка, односно истата се грижи за почитување на одредбите за судир на интереси од Законот за Народната банка, одредбите на Законот за спречување корупција и судир на интереси и етичките принципи од Етичкиот Кодекс на Народна банка, од страна на членовите на Советот односно вработените, соодветно.

Тоа се постигнува преку превентивно делување, односно информирање за законските обврски, презентации и други алатки (обуки/состаноци) преку кои членовите за Советот и вработените поблиску се запознаваат со горенаведените прописи, ограничувањата и потребата од придржување кон истите.

Во врска со членовите на Советот на Народната банка, како службени лица согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, предвидени се посебни одредби за именувањето, критериумите за избор, надлежностите и ограничувањата по завршување на нивниот мандатот во материјалниот закон, односно во Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12,43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), на кои посочуваме во продолжение:

Согласно член 49 од Законот за Народната банка на Република Македонија, членовите на Советот на Народната банка се именувани лица од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Критериумите за избор на членовите на Советот на Народната банка се определени во член 50 од Законот за Народната банка на Република Македонија. Во став 3 на овој член е уредено дека гувернерот и вицегувернерите на Народната банка се професионално ангажирани во Народната банка, не смеат да имаат друг работен ангажман без оглед дали за тоа добиваат надоместок или на, освен ангажман како универзитетски професор или ангажман во научно-истражувачка институција, или времен ангажман во меѓународна финансиска институција, не смеат да бидат сопственици на 5 или повеќе проценти од капиталот во финансиска институција во Република Македонија и за време на мандатот не смеат да бидат членови на политичка партија или синдикат.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-224; 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-309
Е-пошта: AndreevskaM@nbrm.mk
**www.nbrm.mk**

Во став 4 на истиот член е уредено дека неизвршен член на Советот на Народната банка не може да биде лице кое е пратеник во Собранието на Република Македонија, член на Владата на Република Македонија, вработен во органи на државната или локалната власт, агенции, фондови, јавни претпријатија, јавни установи, трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, вработен во финансиска институција во Република Македонија, сопственик на 5 или повеќе проценти од капиталот во финансиска институција во Република Македонија, член на управен или надзорен орган на банка, штедилница или друго трговско друштво кое може да има судир на интерес со Народната банка, како и член на органи на политичка партија и органи на синдикат. Од наведеното произлегува дека неизвршните членови на Советот на Народната банка не се професионално ангажирани во Народната банка за времетраењето на нивниот мандат и можат да бидат вработени во било каков субјект, освен наведените исклучоци во овој став, вклучително и во субјект од приватниот сектор.

Согласно член 54 став 1 од Законот за Народната банка е уредено дека членовите на Советот на Народната банка во период од една година од завршување на мандатот не смеат да бидат професионално ангажирани во банка или друга финансиска институција во Република Северна Македонија.

Исто така, за членовите на Советот и вработените во Народната банка, соодветно покрај законски обврски и ограничувања согласно Законот за Народната банка и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, важат и одредбите на Етичкиот Кодекс.

## Образложение

На 30 декември 2020 година од страна на А доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бара од Народната банка на Република Северна Македонија да ги достави следните податоци:

1. Членовите 47 и 55 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси пропишуваат тригодишна забрана за вработување на службените лица од јавниот сектор кај субјекти од Приватниот сектор кај кои е вршен надзор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности. Дали имате информација, како формално се известуваат новите службени лица за ограничувањата?

2. Дали се информираат службените лица на кои им престанува службата при примопредавање на должностите, за ограничувањата?

3. Дали ограничувањата се предмет на обуки наменети за администрацијата и избраните и именувани лица?

4. Дали ги евидентирате службените лица од јавниот сектор кај субјекти од приватниот сектор кај кои е вршен надзор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности, со цел да можете да следите дали истите се вработуваат кај субјекти од приватниот сектор?

5. Дали и како АВРСМ споделува информации со Државната комисија за спречување на корупцијата и со други органи за да може да се врши контрола на примената на овие законски ограничувања?

6. Каква поддршка и соработка со другите институции е потребна за АВРСМ да може успешно да ја извршува оваа улога - да обезбедува информации на Државната комисија за спречување на корупцијата и со други органи за да може да се врши контрола на примената на овие законски ограничувања?

7.Дали сметате дека има потреба од регистар во кои би биле евидентирани службените лица кои вршеле надзор на субјекти од приватниот сектор или со кои имале воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности, со цел да може институциите да следат дали истите ги почитуваат наведените законски ограничувања?

Со оглед дека дел од прашањата не се однесуваат на Народната банка, односно не сме имател на информации за истите, се донесе Решение како во диспозитивот, при што Народната банка дава заокружен одговор, наместо посебни одговори на одделните прашања од Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Бр. 02-32092/2 → 02-1443/1
18 јануари 2021 година

Секретар на банката
Маја Андреевска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT · SHKUP · СКОПЈЕ

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право
на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Копие до:
Дирекција за ПР